ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 03.11.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ПОТВРДА НА УПРАВЕН ОДБОР

## ЗА ЦЕНА НА ОПЕРАЦИЈА НА КАТАРАКТА СО ФАКО МЕТОДА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

По барање на здружението на офталмолози на Р.Македонија, Универзитетската Клиниката за очни болести и Гратската општа болница „8 Септември"-Скопје за корекција на цената на ДСГ кодовите и во нив да бидат вклучени и трошоците за операција на катаракта со фако метода со вградување на хидрофобна Интра Окуларна Леќа(ИОЛ), Фондот по анализата на трошоците (здравствени услуги и вграден матерјал) направена од страна на стручните служби на ФЗОМ и евиденцијата на чинењето на овој вид на услуга од Универзитетската Клиниката за очни болести и Гратската општа болница „8 Септември"-Скопје изработи предлог референтни цени за следниве ДСГ кодови кои ги покриваат хируршките зафати за отстранување на катаракта со Факометода.

| ДСГ код | Вид на ДСГ услуга | Стара референтна цена | **Предлог референтна цена** |
|---|---|---|---|
| C16A | Процедури на леќата | 15.440,00 | **32.700,00** |
| C16B | Процедури на леќата истиот ден | 12.761,00 | **30.950,00** |

Покрај класичната процедура за третман на катарактата, овие ДСГ кодови ја опфаќаат новата процедура – ФАКО Емулзификација со која корист имаат осигурениците и ФЗОМ. Оваа метода овозможува пократок престој во болница и можност за отпус на пациентот истиот ден, нема потреба од носење на очила, се намалува број на боледувања, се намалува број на пациенти кои се лекуваат во странство. Со овие измени, истовремено, ќе се постигне искоренување на праксата осигурените лица сами да си ја набавуваат леќата и потребата од рефундација на средства од ФЗОМ.

Управниот Одбор на ФЗОМ на седницата од 21.10.2010 година го потврди износот на гореспоменатите ДСГ кодови и одлуката ќе влезе во сила со објавување во „Службен весник" а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за Здравство.

Бранко Аџигогов
Портпарол